# THE MAPPING OF POTENTIAL FORMS OF TOURISM IN THE MALESEVO REGION, FOR THE DEVELOPMENT OF A SUSTAINABLE TOURIST DESTINATION

**Tanja Angelkova Petkova**
Faculty of tourism and business logistics, Goce Delcev University, Stip, North Macedonia
tanja.angelkova@ugd.edu.mk

**Abstract:** The creation of a recognizable and sustainable tourist destination is the goal that the region of the Municipality of Berovo and Maleshevo should strive for. This involves focusing on its potentials to create a suitable tourism offer that will satisfy the desires of all potential tourists, including the most selective ones. In order to perceive the prospects for the development of specific forms of tourism, it is necessary to be motivated and dedicated to developing action plans that will result in goals and activities to be undertaken for the approval of various tourism forms. It should be taken into account that the region of Berovo and Maleshevo has great potential and capacity for tourism development, and local initiatives, events, and manifestations should become recognizable at the local, national, and international levels, with the Municipality of Berovo being a desirable and recognizable sustainable tourist destination. If the entire region is considered as a single tourist entity or route, tourists would be able to experience the full range of tourist offerings and have the opportunity to choose which type of tourism they would like to participate in. However, there needs to be an enhanced promotion of the location and the region as a whole, as good promotion is a tool for attracting tourists, and the driving factor for this tool is a skilled workforce that will professionally carry out the tasks. The goal of sustainable tourism is to establish long-term development, offering current benefits without limiting or damaging future advantages for the region.

Through the implementation of specific forms of tourism in the Berovo and Malesevo region, establishing their sustainable development in tourism will contribute to changes in building awareness of ecology, behaviour, treatment, cultural and historical values, and their preservation, as well as the economy, both on an individual and societal level. Sustainable tourism development would lead to the growth of the entire region, incorporating and fully aligning with the needs of the local population, society, and the demands of tourists.

**Keywords:** Sustainability, Tourist destination, Maleshevo region

# МАПИРАЊЕ НА ПОТЕНЦИЈАЛНИТЕ ФОРМИ НА ТУРИЗАМ ВО МАЛЕШЕВСКИОТ РЕГИОН, ЗА РАЗВОЈ НА ОДРЖЛИВА ТУРИСТИЧКА ДЕСТИНАЦИЈА

**Тања Ангелкова Петкова**
Факултет за Туризам и Бизнис логистика, Универзитет „Гоце Делчев", Штип, Северна Македонија
tanja.angelkova@ugd.edu.mk

**Резиме:** Создавањето на препознатлива и одржлива туристичка дестинација, е она кон кое треба да се стреми регионот на Општина Берово и Малешевијата, со насочување на потенцијалите кон создавање на соодветна туристичка понуда, која ќе ги задоволи желбите на сите потенцијални туристи, па дури и на оние најпребирливите. За да можеме да ги согледаме перспективите за развој на специфични форми на туризам треба мотивирано и посветено да дојдеме до изработка на акциони планови кои ќе резултираат со цели и активности кои треба да се преземат за одобрување на различните форми на туризам. Треба да се земе предвид дека регионот на Берово и Малешевијата има голем потенцијал и капацитет за развој на туризмот, локалните иницијативи, настани и манифестации да бидат препознатливи на локално, национално и интернационално ниво, а општината Берово да биде посакувана и препознатлива одржлива туристичка дестинација. Ако целиот регион го опфатиме во една туристичка целина или рута, туристите би можеле да ја видат целокупната туристичка понуда и можност сами да одберат во кој вид на туризам ќе сакаат да учествуваат. Меѓутоа, треба да се засили промоцијата на местото и регионот во целост, бидејќи добрата промоција е алатка за привлекување на туристи, а фактор за придвижување на таа алатка се образовани кадри кои професионално ќе си ја завршат работата. Целта на одржливиот туризам е развој на туризмот на долги рокови, со давање можност на моментални придобивки, но без ограничување или штета за понатамошни придобивки во истражуваниот регион.

Со имплементацијата на специфичните форми на туризам во регионот на Берово и Малешевијата, одржливиот развој ќе допринесе за екологијата, за однесувањето, за третирањето, за културните и историски вредности и нивното негување, за економијата како на индивидуално, така и на општествено ниво. Одржливиот развој на туризмот би донел развој на целиот регион во кој би ги инкорпорирал и во целост кореспондирал со потребите на самото население, општеството и туристите.
**Клучни зборови**: Одржливост, Туристичка дестинација, Малешевски регион

## 1. ВОВЕД

Општина Берово се наоѓа во источниот дел на Република Северна Македонија, на надморска височина од 800 до 900 метри, во подножјето на Малешевските Планини (највисок врв-Кадиица 1932м). Берово и Малешевијата се мала територија, каде се среќава комбинација од извонредно сочувана природа, културно-историско наследство, етнографија, традиционална музика и ракотворби. Овде владее умерено континентална клима, а на некои места и планинско-континентална, а се карактеризира со студени зими и свежи лета. Освен привлечноста на планинските, котлинските и долинските форми, фактори за одржлив развој се и климатските услови, вештачкото езеро, богатството од растителен и животински свет и културното наследство. Токму ваквите просторни услови овозможуваат диференцирање на различните форми туризам. Доколку во регионот на Берово и Малешевијата би постоел добро организиран туризмот, сѐ останато би се развивало паралелно под негово дејство. Ако врз основа на потенцијалите кои ги има овој регион, „основните“ форми на туризам придонесуваат многу за ова подрачје, тогаш специфичните форми само ќе го зголемат придонесот за нивен раст и развој. За почеток, би се подигнала свеста на населението кое живее во овој регион. Со нивно активно вклучување во туризмот би осознале за сите нивни карактеристики и функции. Тогаш во оваа туристичка дестинација полесно ќе може да се создаде одржлив туристички бренд кој ќе се продава на потенцијалните туристи. Со развојот на туризмот и негово континуирано одржување би се зголемиле и побарувањата околу хотелските и угостителските објекти, ќе има потреба од осовременување на старите или, пак, отворање на нови сместувачки капацитети, кои ќе нудат сместување и храна. Сето ова, придонесува за зголемување на бројот на работни места во општината. Голем би бил придонесот со тоа што развојот на туризмот и неговите форми значително би ја намалиле невработеноста во овој регион. Кога постои забрзан раст и развој на туризмот и неговите форми, тогаш се јавува и потреба за туристичка валоризација. Според Светската туристичка организација (UNWTO), постојат две главни групи фактори значајни за туристичка валоризација, и тоа интерни и екстерни. Интерните фактори се однесуваат на самиот ресурс, неговите вредности, постоечки и можен степен на искористување (туристичката положба, туристичката и инфраструктурна опременост). Екстерните фактори на туристичка валоризација се однесуваат на достапноста на ресурсот во смисла на сообраќајна пристапност, специфичност, содржајност и сл. (UNWTO). Туристичката валоризација на природните и културните вредности за регионот на Берово и Малешевијата се врши на ист начин како дадениот.

Доколку се следат современите трендови и потребите на странските туристи, тогаш е потребно поголемо залагање за да се подобрат моменталните услови. Различните форми туризам, ќе развијат и различни стопански активности. Доколку беровчани ја развијат гастрономијата како гранка, со збогатена понуда на традиционално приготвена домашна храна, би се зголемило и производството на земјоделски, житни култури, како и производството на млечни производи. Овде ќе имаме и зголемување на сточарството, т.е. зголемување на бројот на добиток за оние кои што го одгледуваат, што би претставувало голем придонес за регионот на Берово и Малешевијата. Зголемувањето на бројот на туристи во регионот ќе доведе до подобрување на патиштата кои водат до туристичката дестинација и нејзините атрактивности. Како економски фактор, овие инвестиции, реверзибилно ќе се вратат во корист на туризмот. И, секако една, а и најбитна придобивка е економската исплатливост. Кога за крај би ги разгледале бенефитите на придобивките од развојот на специфичните форми на туризмот, ќе дојдеме до заклучок дека забрзаниот раст и развој на туризмот носи многу позитивности кои ќе ги засенат можните негативни влијанија. Мотивација би требало да ни претставуваат самите придобивки и со таа мотивација да дејствуваме што побргу на туристичкиот пазар.

## 2. ЕКО ТУРИЗАМ

Еко туризмот е форма на туризам која ги комбинира заштитата на животната средина, промоцијата на туризмот и активностите на локалните заедница, а сѐ со цел ефикасно стимулирање на локалната економија, но и одржливо искористување на ресурсите. Општина Берово има оптимални услови за имплементација на еко туризмот. Тоа се незагадените природни еко системи, разновидниот биодиверзитет (ендемични видови, лековити билки, печурки, шумски плодови), атрактивни релјефни форми, поволни климатски услови, здрава

храна (познатите беровското сирење, беровскиот компир, планински мед итн.), историски и културни знаменитости (манастири и цркви), инфраструктура (сместувачки капацитети, сообраќајни врски), гранична местоположба и индустриски капацитети кои не претставуваат закана за животната средина. Планинските предели на Малешевските Планини, густите мешовити шуми околу Беровско Езеро, шумските предели кај локалитетите Абланица и Суви Лаки, изворишниот дел на реката Брегалница, планинските пасишта, богатата флора кај локалитетите Дабоски Андак и Мурите, како туристичките атракции, се едно од најубавите места за развој на овој вид туризам. Чистиот воздух го надополнува екотуризмот.
Изворите на Брегалница се наоѓаат на Малешевските Планини, на надморска височина од околу 1.500 – 1.700 м. Изворите, иако се речиси под самиот планински врв, функционираат во текот на целата година. Овој терен е многу чист, со голема застапеност на кислород, одлични пејзажи и прекрасен видик. Како туристички атрактивности на еко туризмот за овој регион би ги набројале: чиста природа, убави пејзажи, специфична појава, панорамски видик. Како потенцијални форми на туризам овде припаѓаат и здравствено-рекреативниот, спортско-рекреативниот, трекинг, излетничкиот, планинарење, релаксација во природа, прошетка и сл. (Стратегија за развој на туризмот во Источниот плански регион со акционен план (2016-2025)).

## 3. ПЛАНИНСКИ ТУРИЗАМ

Планинскиот туризам се смета како дел од екотуризмот, каде што еден со друг се надополнуваат, таков е случајот и со Малешевскиот регион. Густите мешани шуми, планинските пасишта, чистиот воздух и пријатната клима претставуваат туристичка атракција. И покрај тоа што на Малешевските Планини имаме две сезони (летна и зимска) на планински туризам, сепак зимската сезона има помали услови за развој, додека летната сезона на овие планини нуди повеќе форми на туризам како што се: ловен туризам, велосипедски туризам, здравствено-рекреативен туризам, трекинг, образовен туризам, параглајдерство, спелеотуризам и сл. Трекингот, параглајдерството, хербалниот туризам, алпинизмот се доста популарни во последните неколку години и доста би ја збогатиле туристичката понуда во овој регион. Ова одговара за дестинации кои се во развој, нема потреба од луксузни хотели, потребно е да се има доста добро одбележани стази за движење на туристите и посетителите, да има патокази и објаснувања на информативните табли за која стаза каква е, кој дел од планината за што е наменет, да има информативно биро каде туристите ќе ги добиваат потребните информации и сл. На територијата на Општина Берово веќе се маркирани/одбележани пет пешачки патеки, кои би можеле да се искористат и за планинарење, хербален туризам, планински велосипедизам и сл. Еден од недостатоците за развој на планински туризам или друга форма на туризам, е што нема доволно соодветни планинарски домови, бачила, или други објекти за сместување. Планинарењето претставува значајна туристичка активност во регионот на Берово и Малешевијата, каде постои можности за искачување на Ченгино Кале на Малешевските Планини. Овој врв, не е највисок но има прекрасен видик, во непосредна близина е на изворите на Брегалница и има мало езеро до самиот врв.

## 4. ЕЗЕРСКИ ТУРИЗАМ И РИБОЛОВЕН ТУРИЗАМ

Беровското езеро изобилува со атрактивни понуди кои би можеле да се искористат за езерски туризам и риболовен туризам. Постојат добро опремени угостителски објекти околу самото езеро кои нудат добро приготвена традиционална и домашна храна како и сместување. Околу езерото има прекрасен биодиверзитет, флора и фауна, во него преовладува езерска риба, езерски животински и растителен свет. Риболовниот туризам освен на Беровско езеро, може да се примени и на реките Брегалница и Ратевска река кои располагаат со прекрасни и бујни планински водотеци, со чиста и бистра вода. Овие реки располагаат со доста голем фонд на риба. Во горните текови, присутна е речната пастрмка, а во другите делови се јавува скобуст, кленот, кркушката, крап, мрена и др. Може да се заклучи дека овој потенцијал би можел да се искористи и за образовен, спортски и конгресен туризам, кајак на мирни води и др.
За развојот на риболовниот туризам неопходно е уредување на рибните ревири и погодните места за рибарење, вклучување во понудата на риболовните друштва, агенциите и другите засегнати институции, поедноставување на постапката за издавање на повеќедневна дозвола за риболов, можности за купување или изнајмување рибарска опрема, поставување риболовни платформи (посебно на езерото), оформување на комплетни риболовно-туристички аранжмани, промоција и презентација на овој вид туризам и др. Во таа смисла, сместувачките капацитети и локалните туристички агенции треба да имаат соработка со риболовните друштва и повеќе информации преку брошури, контакти и сл. (Стратегија за развој на туризмот во Источниот плански регион со акционен план (2016-2025)).

**5. РУРАЛЕН ТУРИЗАМ**

Регионот на општина Берово има осум селски населби и тоа: Будинарци, Владимирово, Двориште, Мачево, Митрашинци, Ратево, Русиново и Смојмирово. Населените места во општината се од збиен тип, со оддалеченост од 3 до 15 км од општинскиот центар, со исклучок на село Двориште, кое се наоѓа во близина на македонско-бугарската граница и е оддалечено 21 км од Берово. Во нив се чува традицијата, тајните на старите рецепти, културата и сѐ што е од минатото. Сите села од овој регион се на свој начин посебни и интересни да се посетат. Богатството со кое располага Малешевијата може да го плени секој посетител (Стратегија за развој на туризмот во Источниот плански регион со акционен план (2016-2025)).

Меѓутоа, треба да се засили промоцијата на местото и регионот во целост, не само во државата, туку и пошироко. Туристите сакаат да шетаат по селските населби и да го видат селото и традиционалното производство на храна, облека, чување добиток итн. Малешевијата се посочува како една од најчистите региони на Балканот, дури и пошироко, што се потврдува и со плодовите што ги дава земјата: компир, тикви, пченка, мед, млеко, сирење, капини, малини, јагоди, боровинки, шипинки и други шумски лековити билки, на пример, кантарион, ајдучка трева, црн слез, камилица и слично. И уште повеќе, се издвојува како голем природен басен за еколошко производство и здрав живот со чиста и зелена околина. Чистиот регион е најсилната компаративна предност и за обликување и насочување на развојните документи на Малешевско-Пијанечкиот регион. Со нова агенда со многу поширока димензија и посилна нагласка за поврзување со земјата, со природата и, што е најбитно, за поголемо искористување на сите компаративни предности за производство на храна, за рурален развој и за туризам, таа димензија е поврзана и со карактерот и природата на овдешниот човек, вреден, гостољубив и добронамерен, со животот на село и со старите творби на куќите како сведоци за вековната комуникација меѓу човекот и земјата. Затоа, земјоделството и руралниот сектор имаат приоритетно место во развојот. Во Малешевијата, на пример, старите бачила сѐ повеќе се преуредуваат во традиционалниот стил на малешевската куќа и се нудат како сместувачки капацитети на гостите, случајни и намерни. Овој туризам најмногу е присутен во планинските населени места, во пределите богати со шума, ливади и извори со вода. На територијата на Малешево се наоѓаат 120 природни извори, но и многу други историски места и локалитети кои се посебна атракција за туристите. Најголема поврзаност на земјоделските домаќинства со туризмот е со специјалитетите, меѓу кои посебно се издвојува овчото сирење, биеното сирење, млекото, млешевската матеница, буламач и другите полутечни преработки кои се произведуваат на традиционален начин. Како туристички атракции во Беровскиот регион можеме да ги наведеме селската архитектура, автентичните објекти кои се користеле во минатото, па според тоа би можело да се развие и агротуризмот.

**6. РЕЛИГИОЗЕН ТУРИЗАМ**

Малешевскиот регион заедно со општина Берово располага со голем дел манастири и цркви кои претставуваат богато културно наследство од различни периоди, каде што некои цркви датираат уште од XI и XIV век, а во нив се наоѓаат значајни живописи, иконописи, архитектури и иконостаси и сл. Голем е интересот за посета на црквите и манастирите во овој регион што покажува дека има големи можности за развој на религиозниот туризам. Црквите и манастирите се посетени од религиозни туристи или туристи-верници (луѓе со длабоко усвоени верски вредности и норми) и религискиот верски турист (кој е сличен на класичниот турис).

Берово во моментов ги имаме манастирите: Св. Архангел Михаил (женски) и Св. Богородица Бајаклија (машки), каде имаме активен монашки живот. Во останатите цркви, вредни или помалку познати, најчесто се одбележуваат верските празници каде се организира заеднички ручек со верниците. Организирано сместување на туристи во рамките на манастирите не е забележано (Студија за состојбата со потенцијалите за развој на туризмот во Источен плански регион (2013)). Религиозниот туризам како засебна форма, не би имал економска вредност, доколку не се комбинира со друга форма туризам како на пример, културен туризам, рурален туризам и сл.

**7. КУЛТУРЕН ТУРИЗАМ**

Регионот на Берово и Малешевијата претставува регион со богато културно наследство и уметничко богатство, што претставува основа за развој на овој вид туризам. Иако има мал број археолошки наоѓалишта регистрирани во Управата за заштита на културното наследство, а досега неистражени, кои би ја збогатиле понудата на овој регион, потребно е релевантните институции, како локалната самоуправа во соработка со Музејот, да направат стратегија и планови за нивно откривање и понатамошна обработка и на крај валоризирање и презентација на истите. Сето тоа би било одлично да се инкорпорира во понудата што ја нуди оваа туристичка дестинација. Исто така како дел од културниот туризам влегуваат и културни

споменици кои ги има многу во овој регион, и кои сведочат за настаните од минатото и историјата. Во регионот застапени се доста културни манифестации како што се: Велигденско јајце, Етно кварт фестивал, Деновите на беровскиот компир и други, кои можат да привлечат голем број туристи. Покрај културните споменици, манифестациите, овде би можело да се додадат етнографијата, фолклорот кој е исто уникатен за регионот, изработката на стари традиционални занаети кои за жал се во изумирање, но овде се уште се негуваат: копаничарство, кујунџиство, ковачкиот, калајџискиот, ткајачкиот занает и сл. Жените од Малешевскиот регион, се уште обработуваат волна од овци и кози и изработуваат облека, јамболии, килими, черги и сл. Покрај предењето на волна, населението, уште многу одамна почна да изработува филц со чија помош се прават „калчини“, потколеници и елеци.

## 8. МАНИФЕСТАЦИСКИ И ГАСТРОНОМСКИ ТУРИЗАМ

Во регионот на општина Берово и Малешевскиот регион се одбележуваат и празнуваат голем број на традиционални манифестации, настани и фестивали. Ќе наведеме само неколку од нив: „Велигденско јајце“, „Етно фестивал“, „Ден на малешевскиот компир“, саемот „Малешевија на дланка“, ликовната колонија „Берово“, Меѓународното рели со теренски возила и Походот од с. Русиново до планината Петлец. Одржувањето на овие и слични на нив манифестации, има за цел промовирање на обичаите, традицијата и нивна одржливост, како и продолжување и запознавање на младите со нивното духовно и културно наследство, како и добивање на економска вредност. Манифестациите се поврзани со дегустација на традиционална храна, ракија, мед, сирење, производство добиено од изобилството на шумски и домашни производи, продажба на истите на штандови специјализирани за истите и сл. Туристите кога патуваат купуваат доживувања, а кај овие видови туризам во истражуваниот регион, се погодува целта на доживувањето. Туристите се сеќаваат на купените продукти, на вкусот на домашно приготвените производи, некои од нив бараат директно да бидат вклучени во процесот на производство и дел од тој производ да го однесат дома. Благодарение на сето ова се развива гастрономскиот туризам во Малешевскиот регион. Мотивот кој ги носи туристите во овој регион може да биде, на пример, манифестацијата „Ден на малешевскиот компир“, саемот „Малешевија на дланка“, потоа храната приготвена на традиционален локален начин, чистите и еколошки производи набрани директно од природата, беровското биено сирење, малешевското сирење, жежено сирење, кашкавал, буламач, урда, матеница и разновидните млечни преработки, разновидните сокови и чаеви, маџуни, сирупи, мармалади и слатко преработени од чисти еколошки производи, и многу други специфичности од овој регион. Исто така, бачилата и колибите каде што на се одгледуваат овци и кози и се подготвува надалеку познатото Малешевско сирење и специфични млечни специјалитети, можат да бидат причина за посета на овој регион. Населението исто е познато и по одгледување на пчелни домаќинства, од кои се добива чист органски и еколошки планински и ливадски мед, производство на матичниот млеч и прополисот, кој наоѓаат примена во лекување на разни болести. Медот во саќе е пак своевиден специјалитет.

## 9. ЗАКЛУЧОК

Во регионот на Берово и Малешевијата, туризмот се развива со интензивно темпо, полека но сигурно. Истражувањето се темели врз објективната проценка на моменталната ситуација во регионот. Основната визија на овој труд е овој регион во следните неколку години да израсне во респектабилна одржлива туристичка дестинација. Регионот изобилува со природни и културни вредности, со чие разумно користење и правилно искористување ќе се придонесе за развој на туризмот и одржливост на дестинацијата. Реката Брегалница заедно со нејзините притоки, Беровско Езеро, Малешевските планини, претставуваат природни вредности кои го красат регионот и кои се доста поволни за привлекување на поголем број туристи, но да се запази одржливоста. Антропогените вредности, кои се чуваат и негуваат со векови, големиот број на цркви и манастири, спомениците на културата, сите тие придонесуваат да се развие културниот туризам, религиозниот туризам и сл. Со развој на туризмот, локалното население се мотивира и учи како да ги чува и негува заедничките ресурси со кои располага и на полесен начин да може да ги сподели со туристите кои ќе го посетуваат регионот. Етнографските вредности како традиционалните куќи, бачилата, народните песни и ора, и повеќето манифестации организирани со цел презентирање на културата, претставуваат белег за регионот на Берово и Малешевијата. Споменативе форми на туризам се оние кои би ја освежиле, т.е. збогатиле или надополниле веќе постоечката туристичка понуда. За успешна реализација на туристичката понуда, потребно е имплементација на сите постоечки и нови стратегии за развој на туризмот во овој регион. Мора да има информативно биро каде туристите ќе ги добиваат потребните информации, да има ажурирана веб страна посебно за туриризмот во овој регион, соодветни брошури, изработени GPS мапи и принтани карти, лиценцирани водичи, јавно поставени информативни табли кои ќе бидат заштитени од

временските услови, одржување на веќе постоечките патеки и одбележување на други (полесни, потешки, адреналински и сл.) и сл. Кога ќе имаме оформен атрактивен производ, тогаш, со помош на алатките и методите за привлекување туристи, т.е. туристички маркетинг и промоција, ќе се позиционираме на туристичкиот пазар. Успешната стратегија, квалитетниот план и одличното менаџирање на туристичката дестинација, носи економска исплатливост и поголема одржливост на дестинацијата. Доколку сакаме да ги почувствуваме придобивките од развојот, мора посветено да се ангажираме и дејствуваме, а притоа да се надополнуваме со тоа што би придонеле во раст и одржлив развој на туризмот. Во тоа треба да бидат вклучени сите засегнати страни како што се локалното население, бизнис секторот, владини и невладини организации, министерствата и самите туристи кои го посетуваат регионот.

**ЛИТЕРАТУРА**

Angelkova, T., & Ristova, C. (2023). *Специфични видови на туризам.* In: Специфични видови на туризам. University "Goce Delcev" Stip. ISBN 978-608-277-006-2

Angelkova, T., & Kitanov, V. (2021). *Protentional for ecotourism in Gevgelija region.* Knowledge – International Journal, 48 (1). pp. 143-148. ISSN 2545-4439; 1857-923X

Angelkova, T., Dzordzevic, M., S., & Ristova, C. (2018). *Importance of agro-tourism for development of tourism in Northeastern Macedonia.* International Journal of Information, Business and Management, 10 (2). pp. 77-83. ISSN 2076-9202, 2218-046X

Angelkova, T., Magdinceva, S., M., & Dzordzevic, M., S. (2018). *Development of rural tourist destinations through the entrepreneuship in the Republic of Macedonia.* In: HOTELPLAN 2018, 2 October - 3 October, Belgrade, Serbia.

Angelkova, T., Dzordzevic, M., S., & Ristova, C. (2018). *The development of agro-tourism in the Northeastern Macedonia - From hospitality to tourist activities.* LAP - Lambert Academic Publishing, Germany . ISBN 978-613-9-85004-4

Batinić I. (2013), *The role and importance of the Internet in contemporary tourism in travel agencies business*, International Jurnal of Congitive Research in science, engineering and education

Kitanov, V., & Angelkova, T. (2021). *Development and economic significance of rural tourism.* Knowledge International scientific journal, 49.1. pp. 163-166. ISSN 1857-923X

Metodijeski, D., Filiposki, O., Todorovic, E., Kitanov, V., Angelkova, T., Sazdova, J., & Micevski, M. (2023). *Младинските патувања и туризмот.* Туристика, Скопје. ISBN 978-608-4872-17-7

Metodijeski, D., Filiposki, O., Taleska, M., Todorovic, E., Angelkova, T., Kitanov, V., & Sazdova, J. (2023). *Туризмот во урбаните средини.* Туристика, Скопје. ISBN 978-608-4872-19-1

Ristova, C., & Angelkova, T. (2018). *Social media as tool for promotion of the tourist destination.* In: 3rd International Scientific Conference TISC 2018, 31 May - 2 June 2018, Vrnjačka Banja, Serbia.

Студија за состојбата со потенцијалите за развој на туризмот во Источен плански регион (2013), ЦРИПР, Штип

Стратегија за развој на туризмот во Источниот плански регион со акционен план (2016-2025), ЦРИПР, Штип

Hall, D., Brown, F. (2000), “Tourism in peripheral areas”, Channel View, Clevedon;

https://www.unwto.org/